# ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ВО ПРВИОТ КЛАСИФИКАЦИОНЕН ПЕРИОД ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

Велес, ноември 2023

**Име на училиштето: Општинско средно училиште „Јовче Тесличков“**
**Адреса:** Кукушка бр.37 - Велес
**Телефон:** 043/212-098
**e-mail:** usojtv@yahoo.com
**web:** jovceteslickov.edu.mk

ОСУ „Јовче Тесличков“ е лоцирано во центарот на градот, во населбата Дворови. Во близина се наоѓаат банкатски институции, Основен суд и главната пошта.




## 1. Услови за остварување на воспитно – образовната работа во училиштето

### 1.1 Број и опфатеност на учениците

Бројна состојба на учениците по паралелки од прва до четврта година на крајот од првиот класификационен период во учебната 2023/2024 година:

| Год | м | ж | вк | Год | м | ж | вк | Год | м | ж | вк | Год | м | ж | вк |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1-а | 15 | 4 | **19** | 2-а | 14 | 16 | **30** | 3-а | 3 | 9 | **12** | 4-а | 3 | 2 | **5** |
| 1-б | 4 | 7 | **11** | 2-б | 6 | 9 | **15** | 3-б | 4 | 3 | **7** | 4-б | 9 | 1 | **10** |
| 1-в | 18 | 3 | **21** | 2-в | 14 | 3 | **17** | 3-в | 7 | 2 | **9** | 4-в | 4 | 9 | **13** |
| 1-г | 11 | 2 | **13** | | | | | | | | | | | | |
| **вк** | **48** | **16** | **64** | **Вк.** | **34** | **28** | **62** | **Вк.** | **14** | **14** | **28** | **Вк.** | **16** | **12** | **28** |

**машки - 112 женски - 70 вкупно - 182**

## 1.2 Просторни и технички услови

Пред започнување на учебната 2023/24 година, во просториите на училиштето се спроведе акција за дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Центарот за јавно здравје во Велес. Со тоа се овозможија чисти училници и работни простории во училиштето.

Техничката служба од училиштето спроведе увид и интервенција целокупно во училишната зграда. Техничкиот персонал спроведе молерисување и фарбање каде беше потребно. За време на летниот период се исконтролира состојбата на парните котли и радијатори, беа превземени потребните реконструкции и со тоа се создадоа услови за старт на грејната сезона.

Започна со реконструкцијата на плафонската површина на спортската сала и истата ќе биде ставена во употреба во текот на месец ноември.

Наставата се реализира во училници пришто секоја паралелка следи настава во една училница. 16 училници располагаат со ЛЦД проектори и интерактивни, а дел опремени со компјутери за поуспешна реализација на наставата.

Компанијата „Маркард Македонија“ ДООЕЛ обезбеди донација на опрема и ресурси со кои се опремија еден кабинет и и дополнително две училници за работа на училишните маркетинг агенции за дигитален маркетинг. Оваа донација се состои од 20 компјутери, тастатури и глувчиња, 4 маси за состаноци, биро и 6 бели подвижни табли примени по отпишана вредност.

## 2. Реализација на воспитно-образовната дејност

Согласно календарот за организација на учебната 2023/2024 година во јавните средни училишта, редовната настава започна на 01 септември 2023 година (петок) во 7:15 часот. Наставата се реализира во една смена, претпладне.

Наставата се реализира според насоките од МОН, според наставните планови и програми. Пред почетокот на годината сите наставници изготвија годишни планирања за предметите. Наставниците континуирано изготуваат тематски планирања и планирања на модуларна единица. Сите планирања се дадени на увид кај директорот и стручната служба. Секој ден наставниците својот наставен час го реализираат според дневните оперативни планирања.

Согласно со програмата за грижа за здравјето на наставниците во месец септември се спроведе општ здравствено-хигиенски преглед од страна на Центарот за јавно здравје во Велес.

Покрај редовната настава, во училиштето се изведува и практична настава која што значајно придонесува за квалитет на едукацијата која учениците ја добиваат. Предметот практичната настава за учениците е вклучен во рамките на редовната настава за профилот продавач-референт за продажни услуги. Стекнувањето на практични знаења и искуства е значајна одлика на секое современо образование. Согласно со потребите на пазарот на трудот, ОСУ „Јовче Тесличков“ вложува сериозни напори во делот на практичната настава односно по предметот учење преку работа кај работодавач, што допринесува голем број на ученици да стекнат практични вештини и знаења.

Дополнително се организираат посети на трговски друштва кои вршат производна или трговска дејност, Органи на управата и локалната смоуправа, Централен регистар, Агенција за катастар и недвижности, Пошта, банкарски институции, Основен суд, нотарски и адвокатски канцеларии и други институции. За учениците се организираат

средби со претставници – стручни лица од практиката со цел учениците да се стекнат со практични знаења и вештини.

Во текот на првото тримесечје започна да се реализира и дополнителна настава за учениците со слаб успех или ученици кои во одреден временски период од различни причини пропуштиле некој дел од наставата и имаат потреба тоа знаење да го надоместат. Додатна настава се одржува за ученици кои покажуваат особен интерес и/или успех по некој предмет и кои сакаат да ги прошират своите знаења и вештини во одредена област. Наставниците изготвија програми за реализација на дополнителната и додатната настава и истите ги доставија на увид кај директорот.

Оценувањето на учениците е транспарентно, преку современи методи и примена на интерни критериуми за оценување. Целта е да се добие квалитетно оценување на постигнувањата на учениците, објективно да се евалуира работата на ученикот и да се добијат јасни увиди во кој дел ученикот добро или послабо го владее градивото. Соработката се одвива помеѓу наставник – ученик – родител – стручна служба – директор, секогаш отворена и со конструктивен дијалог.

Во ОСУ „Јовче Тесличков“ се реализира настава според план и програма од струка/сектор економско – правна и трговска/економија право и трговија. Во прва година учениците следат настава во четири паралелки од кои една паралелка во профилот техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, една комбинирана паралелка во профилот економски техничар/правен техничар која е дуална паралелка, една паралелка во профилот економски техничар (со настава на албански наставен јазик) и една паралелка го изучуваат профилот продавач – референт за продажни услуги. Втора година ја продолжија вкупно 62 ученици, трета 28 и четврта 28 ученици. На ниво на училиште на крај на месец октомври вкупниот број на ученици е 182 ученици. Статистичкиот преглед е даден подолу.

Во месец септември се одржаа родителски средби за учениците од прва до четврта година. Родителите беа информирани за воспитно-образовната работа на училиштето, наставните планови и програми, електронскиот дневник, начинот на оценување на постигнувањата на учениците, користењето на бесплатни учебници, програмата за Советување на родители, кодексот на однесување во училиштето и друго. Воедно се избраа и нови членови во Советот на родители.

Во текот на првото тримесечје учениците беа известени за категориите на стипендии кои ги објави МОН, а директорот назначи одговорно лице за поддршка при аплицирање на учениците. До крајот на септември аплицираа учениците кои во некоја од претходните години веќе биле корисници на стипендија, а до крајот на октомври можноста за аплицирање имаа сите останати ученици согласно критериумите за секоја категорија.

Наставата во текот на првиот класификационен период се одвиваше непрекинато освен за време на викендите, државните и верските празници.

### 2.1 Проектни активности

Во текот на првото тримесечје продолжи да се реализира проектот „Учиме преку работа во училница и се подготвуваме за работа во стопанството“ во кој училиштето е партнер на Средно економско-угостителско училиште „Вук Караџиќ“ од Велика Плана, Република Србија. Се изврши тестирање на платформата во нашето училиште за да се утврди како функционира тргувањето на виртуелни фирми од креирање на компанија, работа со документи во набавна, продажна и складишна служба,. купување и продажба

на производи. Тестирањето се спроведе од страна на наставниците Антонио Пановски и Радмила Андовска и директорот м-р ВаскоТрајковски со вкупно 20 ученика, а беа присутни и останати наставници.

## 2.2 Останати активности

- 07.09.2023 - наши ученици со проф. Жаклина Зафирчева, присуствуваа на презентирањето на дигиталната изложба посветена на 140-годишнината од раѓањето на Панко Брашнаров. Истата беше подготвена од Државниот архив-Велес, а се одржа во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес;
- 07.09.2023 - наши ученици, со проф. Наташа Михова, присуствуваа на пригодна свеченост организирана од Општина Велес по повод 8 Септември, Денот на независноста на Македонија;
- 18.09.2023 – почетен тренинг за зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средните стручни училишта и образованието на возрасните, на кој учествуваа наставниците Нада Јованова и Маја Талеска Панова;
- 21.09.2023 - ученици од нашето училиште под менторство на професорите Марија Левкова Куновска и Нада Јованова учествуваа на Парадата на Мирот која се одржа во нашиот град по повод Меѓународен ден на мирот;
- 22.09.2023 - во рамките на Европската недела на мобилност ученици од прва и втора година од ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес земаа учество на велосипедската тура и други организирани активности со што го одбележаа 22 септември Меѓународниот Ден без автомобили. Одговорен професор: Златко Гуцев;
- 04.10.2023 – проф. Жаклина И.Зафирчева и психологот Катерина Ефремова присуствуваа на Свечена приредба по повод Патрониот празник на ООУ „Панко Брашнаров";
- 05-06.10.2023 – обука за Ученички компании во организација на Џуниор Ачивмент Македонија на која присуствуваше наставникот Соња Савевска;
- 06.10.2023 – работилница за ментално здравје и врсничко насилство, спроведена од психологот Катерина Ефремова со учениците од паралелка 2-в;
- 05.10.2023 - во рамките на ИФАД Стоби 2023, на малата сцена во Народниот театар „Ј.Х.К. Џинот", се одржа театарска работилница на тема ,,Античка драма". На работилницата учествуваа наши ученици со проф. Жаклина Зафирчева. Работилницата ја водеше велешкиот актер Јордан Витанов, а присутни беа и актерите Весна Димитрова Бобевски и Кире Ацески, како и драматургот Катерина Момева;
- 09.10.2023 – работилница за ментално здравје и врсничко насилство, спроведена од психологот Катерина Ефремова со учениците од паралелка 1-б;
- 10.10.2023 – работилница за ментално здравје и врсничко насилство, спроведена од психологот Катерина Ефремова со учениците од паралелка 2-а;
- 10.10.2023 – едукативна работилница под наслов „Порој од пофалби“, спроведена од психологот Катерина Ефремова за учениците од паралелка 4-б;
- 16-17.10.2023 – директорот на училиштето Васко Трајковски следеше обука како дел од проектот за Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на на средните стручни училиша и образованието на возрасните;
- 24.10.2023 - во рамки на активностите по повод патрониот празник на училиштето и согласно програмата за ментално здравје, училишниот психолог Катерина Ефремова, спроведе работилница на тема „Благодарност кон телото”. На работилницата учествуваа ученици од прва, втора, трета и четврта година;
- 25.10.2023 – посета на Основен суд Велес по повод Денот на правдата, од страна на дваесеттина ученици со наставниците Тодорка Маџарова и Бранка Андовска;

- 25.10.2023 - професор Марија Левкова Куновска и ученичката од трета година Сара Велјановска земаа учество на Меѓународна конференција „Креирај го твоето место за растење“ одржана во Скопје, а во организација на КМОП Скопје и Прва Детска Амбасада „Меѓаши“ Скопје;
- 25.10.2023 - во рамки на одбележувањето на Патрониот празник на нашето училиште, беше одржана презентација на Маркетинг планот со кој нашите ученици Ѓоре Ѓакев, Езѓур Хасанов, Ана Тодорова и Мартин Станчев минатата година освоија II место и сребрен медал на натпреварот меѓу средните стручни училишта - МАССУМ. Целта беше нашиот тим да ја претстави својата идеја, да покаже како се изработува и презентира квалитетен маркетинг план и своето знаење да го сподели со останатите ученици. Одговорни професори Ангелина Мачавелова и Соња Савевска;
- 26. 10. 2023 во чест на патрониот празник на нашето училиште се одржа Квиз – Финансиски прозорец кон дигиталниот свет, под мотото Дигиталната иднина на финансиите е отворена, играта може да почне. Се натпреваруваaa 4 тим во 5 категори: Финансиска писменост на kahoot, Асоцијации, Puzzles - Брзо пријавување пронајди економски термини, Бунар на финансиски термини, и Пронаоѓач на богатство. Водилка при дигиталната подготовка на овој квиз беше тренингот за стекнување на дигитални вештини и вештини за организирање и промовирање на настан од страна на тимот од профилот Дигитален маркетинг - Леонид Велинов и Филип Спиров од 1а клас, Маркетинг агенциите: JTDigital, Digital discovery, Futurelix, од 2а и 2б клас под менторство на наставниците Каролина Манаскова, Радмила Андовска, Марија Панчевска и Маја Талеска Панова.За натпреварувачите мотивот беше - Инвестирањето во финансиската едукација е инвестирање во иднината. Победник на овој квиз беше тимот - ТИМ1 Варналиев Марко, Кристијан Костадиновски, Ангела Јошевска од 1а клас;
- 27.10.2023 - под менторство на професорите Марија Левкова Куновска и Рената Софијанова Николова, беше одржана дебата на англиски јазик на тема “Are social networks a blessing or a curse?”. Дебатата беше организирана во склоп на активностите по повод Патрониот празник на училиштето;
- 27-29.10.2023 - во Охрид се одржа семинар на тема „Значење на еуропас платформата во процесот на кариерно советување“ во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Целта на семинарот беше да се запознаат учесниците со креирање на Еуропас профил за учениците со што ќе се овозможи нивно вмрежување на европскиот пазар на труд и образование. За оваа цел беше иницирано создавање и возобновување на центри за кариерно советување пред преставникот на МОН со кој беа споделени идните планови и предизвици кои ќе се соочат училиштата со нивното воведување. Преставник од нашето училиште беше Маја Талеска Панова;
- 30.10.2023 - како дел од активностите организирани во чест на патрониот празник на нашето училиште, беше реализирана активност од областа на спортот. Имено, на задоволство на нашите ученици, наш гостин беше поранешниот фудбалски репрезенравец и актуелен претседател на Синдикатот на македонските фудбалери, г-дин Панче Ќумбев. Тој одржа предавање пред учениците за улогата на спортот и фудбалот и значењето за физичкиот и психичкиот развој на младата личност. Одговорен професор: Златко Гуцев;
- 31.10.2023 - по повод Патрониот празник на нашето училиште, беше подготвена културно-уметничка приредба која се состоеше од драматизација на „Разделбата на Хектор и Андромаха" и подготвен јавен говор на тема „Јазикот е душата на еден народ" Одговорен професор: Жаклина И. Зафирчева;

- 31.10.2023 – како дел од Патрониот празник беше официјално отворен за работа на Кабинет за дигитален маркетинг со техничка опрема донација од Маркарт Македонија ДООЕЛ;
- 02.11.2023 - Се изврши тестирање на платформата во нашето училиште за да се утврди како функционира тргувањето на виртуелни фирми од креирање на фирма, работа со документи во набавна, продажна и складишна служба. купување и продажба на производи. Тестирањето го изврши проф. Антонио Пановски и директорот м-р ВаскоТрајковски со вкупно 20 ученика , а беа присутни и др. Професори Се покажа дека добро функционира платформата со мали тековни проблеми;
- 07.11.2023 По повод Светскиот ден на штедењето, учениците од трета година кои го изучуваат предметот Лични финансии, подготвија едукативна работилница на која учествуваа ученици од прва година. Под мотото ,,Не штеди на љубов, штеди пари" преку интерактивна презентација осмислија еден креативен пат кон финансиската свесност и одговорно управување со финансиите за нивен личен и професионален развој. Оваа интерактивна активност ги предизвика учениците да ги применат новите знаења и информации кои ги научиле преку презентацијата за решавање на крстозборот кој го изработија, како и на дијалог и дискусија за различни аспекти на финансиската едукација. Одговорен наставник: Маја Талеска Панова.

## ГРУПЕН ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

За учениците од I-IV година во учебната 2023/2024 година
за првиот класификационен период

Бројна состојба на учениците

| **Вкупно ученици на почетокот на учебната год.** | | | **Испишани во текот на првото тримесечје** | | | **Запишани во текот на првото тримесечје** | | | **Вкуно ученици на крајот на првото тримесечје** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно |
| 113 | 70 | 183 | 7 | 3 | 10 | 6 | 3 | 9 | 112 | 70 | 182 |

Успех по предмети

| **ПРЕДМЕТИ** | **5** | **%** | **4** | **%** | **3** | **%** | **2** | **%** | **1** | **%** | **но** | **%** | **вк** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 23 | 12,6 | 21 | 11,5 | 27 | 14,8 | 42 | 23,1 | 52 | **28,6** | 17 | 9,3 | 182 |
| Англиски јазик | 30 | **16,5** | 21 | 11,5 | 27 | 14,8 | 66 | 36,3 | 29 | **15,9** | 9 | 4,9 | 182 |
| Француски јазик (втор) | 7 | **9,6** | 10 | 13,7 | 15 | 20,5 | 17 | 23,3 | / | **/** | 24 | 31,5 | 73 |
| Руски јазик (втор) | 1 | **14,3** | 5 | 71,4 | 1 | 14,3 | / | / | / | **/** | / | / | 7 |
| Германски јазик (втор) | 4 | **22,2** | 8 | 44,4 | 6 | 33,3 | / | / | / | **/** | / | / | 18 |
| Право и државно уредување | 13 | **13,5** | 7 | 7,3 | 19 | 19,8 | 42 | 43,7 | 10 | **10,4** | 5 | 5,2 | 96 |
| Граѓанско образование | 6 | **11,8** | 4 | 7,8 | 17 | 33,3 | 10 | 19,6 | 2 | **3,8** | 12 | 23,5 | 51 |
| Претприемништво и бизнис | 12 | **12,5** | 10 | 10,4 | 11 | 11,5 | 38 | 39,6 | 13 | **13,5** | 12 | 12,5 | 96 |
| Бизнис и претприемништво | 2 | **4,3** | 1 | 2,2 | / | / | 18 | 39,1 | 21 | **45,6** | 4 | 8,6 | 46 |
| Деловна комуникација | 8 | **15,7** | 7 | 13,7 | 5 | 9,8 | 16 | 31,4 | 12 | **23,5** | 3 | 5,9 | 51 |
| Економска географија | 6 | **11,8** | 6 | 11,8 | 10 | 19,6 | 15 | 29,4 | 9 | **17,6** | 5 | 9,8 | 51 |
| Географија | / | **/** | / | / | 3 | 17,6 | 10 | 58,8 | 4 | **23,5** | / | / | 17 |
| Внатрешна трговија | 15 | **35,7** | 7 | 16,7 | 9 | 21,4 | 9 | 21,4 | 2 | **4,8** | / | / | 42 |
| Трговија | / | **/** | 2 | 4,3 | 4 | 8,6 | 18 | 39,1 | 18 | **39,1** | 4 | 8,6 | 46 |
| Биологија | | | | | | | | | | | 13 | 100 | 13 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Политика на производ | / | **/** | / | / | 10 | 33,3 | 11 | 36,7 | 4 | **13,3** | 5 | 16,7 | 30 |
| Музичка култура | 4 | **7,8** | 16 | 31,4 | 5 | 9,8 | 3 | 5,9 | 1 | **1,9** | 22 | 43,1 | 51 |
| Ликовна уметност | 17 | **26,6** | 12 | 18,7 | 10 | 15,6 | 21 | 32,8 | / | **/** | 4 | 6,3 | 64 |
| Административно канцелариски работи | 1 | **20** | / | / | 3 | 60 | / | / | / | **/** | 1 | 20 | 5 |
| Математика | 4 | **2,7** | 9 | 6 | 17 | 11,4 | 42 | 28,2 | 52 | **34,9** | 25 | 16,8 | 149 |
| Математика за еконмисти | 6 | **18,2** | 3 | 9,1 | 6 | 18,2 | 7 | 21,2 | 11 | **33,3** | / | / | 33 |
| Историја | 30 | **23,8** | 24 | 19 | 33 | 26,2 | 19 | 15,1 | 11 | **8,7** | 9 | 7,1 | 126 |
| Информатика | 19 | **17,4** | 12 | 11 | 15 | 13,8 | 20 | 18,3 | 19 | **17,4** | 24 | 22 | 109 |
| Банкарско работење | 2 | **8,7** | 2 | 8,7 | 2 | 8,7 | 12 | 52,2 | 5 | **21,7** | / | / | 23 |
| Практична настава | 2 | **4,3** | 3 | 6,5 | 15 | 32,6 | 17 | 36,9 | 4 | **8,6** | 5 | 10,9 | 46 |
| Статистика | 7 | **15,9** | 9 | 20,5 | 15 | 34,1 | 4 | 9,1 | 5 | **11,4** | 4 | 9,1 | 44 |
| Економија | 5 | **12,5** | 4 | 10 | 2 | 5 | 14 | 35 | 10 | **25** | 5 | 12,5 | 40 |
| Основи на сметководството | 2 | **11,1** | / | / | 3 | 16,7 | 6 | 33,3 | 2 | **11,1** | 5 | 27,7 | 18 |
| Деловен англиски | 9 | **33,3** | 7 | 25,9 | 4 | 14,8 | 3 | 11,1 | / | **/** | 4 | 14,8 | 27 |
| Административно право | 1 | **33,3** | 1 | 33,3 | / | / | / | / | / | **/** | 1 | 33,3 | 3 |
| Спорт и спортски активности | 101 | **55,5** | 5 | 2,7 | 18 | 9,9 | 41 | 22,5 | 12 | **6,6** | 5 | 2,7 | 182 |
| Техники на продажба | 1 | **6,3** | 1 | 6,3 | 2 | 12,6 | 6 | 37,8 | 6 | **37,8** | / | / | 16 |
| Однесување на потрошувачите | 2 | **12,6** | / | / | 2 | 12,6 | 5 | 31,3 | 6 | **37,8** | 1 | 6,3 | 16 |
| Трговско право | 6 | **50** | 2 | 16,6 | / | / | 4 | 33,3 | / | **/** | / | / | 12 |
| Управно процесно право | / | / | / | / | / | / | 2 | 100 | / | / | / | / | 2 |
| Социологија | 6 | **50** | 1 | 8,3 | 2 | 16,6 | 3 | 25 | / | **/** | / | / | 12 |
| Учење преку работа кај работодавач | 31 | **56,4** | 9 | 16,4 | 9 | 16,4 | 4 | 7,3 | / | **/** | 2 | 3,6 | 55 |
| Комерцијално работење | / | / | / | / | / | / | 2 | 100 | / | / | / | / | 2 |
| Финансиско сметководство | 6 | **18,2** | 4 | 12,1 | 2 | 6,1 | 7 | 21,2 | 11 | **33,3** | 3 | 9,1 | 33 |
| Финансиско работење | 4 | **26,7** | / | / | 4 | 26,7 | 6 | 40 | 1 | **6,6** | / | / | 15 |
| Надворешна трговија | 4 | **40** | 1 | 10 | 3 | 30 | 1 | 10 | 1 | **10** | / | / | 10 |
| Кореспонденција | / | **/** | / | / | 2 | 40 | 3 | 60 | / | **/** | / | / | 5 |
| Психологија | / | **/** | / | / | / | **/** | / | / | / | **/** | 28 | 100 | 28 |
| Логика | 2 | **7.1** | 7 | 25 | 3 | 10.7 | 13 | 46.4 | 3 | **10.7** | / | / | 28 |
| Маркетинг | 4 | **26.7** | 5 | 33.3 | / | / | 5 | 33.3 | / | **/** | 1 | 6.6 | 15 |
| Проектен менаџмент | / | **/** | / | / | / | / | 5 | 100 | / | **/** | / | / | 5 |
| Менаџмент и бизнис планирање | 2 | **8.7** | 2 | 8.7 | / | / | 12 | 52.2 | 6 | **26.1** | 1 | 4.3 | 23 |
| **Изборни предмети** | | | | | | | | | | | | | |
| Однесување на потрошувашите | 4 | 80 | / | / | 1 | 20 | / | / | / | / | / | / | 5 |
| Лични финансии | 3 | 60 | 1 | 20 | 1 | 20 | / | / | / | / | / | / | 5 |
| Менаџмент | / | / | / | / | / | / | 2 | 100 | / | / | / | / | 2 |
| Нотарско и извршителско работење | / | / | / | / | / | / | 5 | 100 | / | / | / | / | 5 |
| Меѓународни трговски трансакции | / | / | / | / | / | / | 5 | 71.4 | 2 | 28.6 | / | / | 7 |
| Осигурување | 1 | 16.6 | 2 | 33.3 | / | / | 1 | 16.6 | 2 | 33.3 | / | / | 6 |
| Интегрирани маркетинг комуникации | 4 | | / | / | 5 | | 1 | | / | / | / | / | 10 |

Од табеларниот преглед може да се заклучи дека најмногу слаби оценки има по предметите: Бизнис и претприемништво 45,6%, Трговија 39,1%, Техники на продажба и Однесување на потрошувачите со 37,8% вкупниот број на ученици кои ги изучуваат овие предмети.

Од истиот преглед може да се констатира дека најмногу оценки одличен 5 учениците имаат по предметите: Учење преку работа кај работодавач 56,4%, Спорт и спортски активности 55,5%, Надворешна трговија 40%, Внатрешна трговија 35,7%, а од изборните предмети Однесување на потрошувашите 80% и Лични финансии (изборен) 40% од вкупниот број на ученици кои ги изучуваат овие конкретни предмети.

## *Слаби оценки по наставни предмети*

| ПРЕДМЕТИ | I | II | III | IV | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 14 | 14 | 13 | 11 | **52** |
| Англиски јазик | 16 | 1 | 7 | 5 | **29** |
| Француски јазик (втор) | / | / | / | / | **/** |
| Руски јазик (втор) | / | / | / | / | **/** |
| Германски јазик (втор) | / | / | / | / | **/** |
| Право и државно уредување | 8 | 2 | / | / | **10** |
| Граѓанско образование | 2 | / | / | / | **2** |
| Претприемништво и бизнис | 11 | 2 | / | / | **13** |
| Бизнис и претприемништво | 5 | 6 | 10 | / | **21** |
| Деловна комуникација | 12 | / | / | / | **12** |
| Економска географија | 9 | / | / | / | **9** |
| Географија | / | 4 | / | / | **4** |
| Внатрешна трговија | / | 2 | / | / | **2** |
| Трговија | 5 | 6 | 7 | / | **18** |
| Биологија | | | | | |
| Политика на производ | 1 | 3 | / | / | **4** |
| Музичка култура | 1 | / | / | / | **1** |
| Ликовна уметност | / | / | / | / | **/** |
| Административно канцелариски работи | / | / | / | / | **/** |
| Математика | 24 | 20 | 8 | / | **52** |
| Математика за еконмисти | / | / | 2 | 9 | **11** |
| Историја | 10 | 1 | / | / | **11** |
| Информатика | 18 | 1 | / | / | **19** |
| Банкарско работење | / | / | / | 5 | **5** |
| Практична настава | 2 | / | 2 | / | **4** |
| Статистика | / | 5 | / | / | **5** |
| Економија | / | / | 3 | 7 | **10** |
| Основи на сметководството | / | 2 | / | / | **2** |
| Деловен англиски | / | / | / | / | **/** |
| Административно право | / | / | / | / | **/** |
| Спорт и спортски активности | / | 4 | 6 | 2 | **12** |
| Техники на продажба | / | / | 6 | / | **6** |
| Однесување на потрошувачите | / | / | 6 | / | **6** |
| Трговско право | / | / | / | / | **/** |
| Управно процесно право | / | / | / | / | **/** |
| Социологија | / | / | / | / | **/** |
| Учење преку работа кај работодавач | / | / | / | / | **/** |
| Комерцијално работење | / | / | / | / | **/** |
| Финансиско сметководство | / | / | / | / | **/** |
| Финансиско работење | / | / | 1 | / | **1** |
| Надворешна трговија | / | / | 1 | / | **1** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кореспонденција | / | / | / | / | **/** |
| Психологија | / | / | / | / | **/** |
| Логика | / | / | / | 3 | **3** |
| Маркетинг | / | / | / | / | **/** |
| Проектен менаџмент | / | / | / | / | **/** |
| Менаџмент и бизнис планирање | / | / | / | 6 | **6** |
| **Изборни предмети** | | | | | |
| Однесување на потрошувашите | | | / | / | **/** |
| Лични финансии | | | / | / | **/** |
| Менаџмент | | | / | / | **/** |
| Нотарско и извршителско работење | | | / | / | **/** |
| Меѓународни трговски трансакции | | | / | 2 | **2** |
| Осигурување | | | / | 2 | **2** |
| Интегрирани маркетинг комуникации | | | / | / | **/** |
| **Вкупно слаби оценки** | **138** | **73** | **72** | **52** | **335** |
| **Вкупен број на ученици** | **182** | | | | |

Во првиот класификационен период има утврдено вкупно 335 слаби оценки. Најмногу слаби оценки има по предметите Македонски јазик и Математика (52), Англиски јазик (29), Бизнис и претприемништво (21), Информатика (19), Трговија (18) итн.

## Редовност на учениците

| **Паралелка** | **I** | | | | **II** | | | | **III** | | | | **IV** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оправдани | Неоправдани | **Вкупно** | По ученик | Оправдани | Неоправдани | **Вкупно** | По ученик | Оправдани | Неоправдани | **Вкупно** | По ученик | Оправдани | Неоправдани | **Вкупно** | По ученик |
| **А** | 30 | 11 | **41** | **2** | 63 | 12 | **75** | **3** | 74 | 48 | **122** | **10** | 78 | 22 | **100** | **20** |
| **Б** | 20 | 13 | **33** | **3** | 90 | 56 | **146** | **10** | 39 | 19 | **58** | **8** | 80 | 37 | **117** | **12** |
| **В** | 4 | 92 | **96** | **5** | 210 | 149 | **359** | **21** | 160 | 36 | **196** | **22** | 140 | 55 | **195** | **15** |
| **Г** | 193 | 56 | **249** | **19** | | | | | | | | | | | | |
| **Вк.** | **247** | **172** | **419** | **7** | **363** | **217** | **580** | **9** | **273** | **103** | **376** | **13** | **298** | **114** | **412** | **15** |

### Изостаноци во првото тримесечје во учебната 2023/2024 година

| Оправдани | 1181 | Неоправдани | 606 | Вкупно изостаноци | 1787 | 10 изостаноци по ученик |
|---|---|---|---|---|---|---|

### Изостаноци во првото тримесечје во учебната 2022/2023 година

| Оправдани | 2796 | Неоправдани | 866 | Вкупно изостаноци | 3662 | 18 изостаноци по ученик |
|---|---|---|---|---|---|---|

Прегледот на редовноста на учениците во првиот класификационен период во учебната 2023-2024 година покажува намален број на изостанувања споредено со минатата учебна година. Во просек во учебната 2022-2023 година се пресметани по 18 изостаноци по ученик, а во учебната 2023-2024 година се пресметани 10 изостаноци по ученик.

Најредовни ова тримесечје се учениците од 1ва година односно 1а клас. Учениците од 3в клас најчесто отсуствувале од настава со 22 изостаноци по ученик.

### Ученици со слаби оценки (бројно и процентуално)

| Година | I | II | III | IV | Вкупно | 2023/2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Без слаби** | 18 | 34 | 12 | 14 | **78** | **44%** |
| **со 1 слаба** | 15 | 8 | 3 | 4 | **30** | **17%** |
| **со 2 слаби** | 8 | 7 | 3 | / | **18** | **11%** |
| **со 3 слаби** | 3 | 8 | / | 3 | **14** | **8%** |
| **со 4 и повеќе** | 15 | 4 | 10 | 7 | **36** | **20%** |
| **Вкупно** | **59** | **61** | **28** | **28** | **176** | **100%** |

На крајот од првото тримесечје, 78 ученици (44%) постигнале успех без слаба оценка. За разлика од минатата учебна година, оваа година, во оваа категорија процентот на ученици без слаби оценки е намален за 5%.
Со 4 или повеќе слаби оценки се 36 ученици (20%), со што овој процент е намален за 10% од минатата учебна година.

ДИРЕКТОР
м-р Васко Трајковски